28781

Изложби

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
СКОПЈЕ
23. MRZ. 1982 5816,12

# МЛАДА ГЕНЕРАЦИЈА IV

## (Во МСУ во Скопје)

Музејот на современата уметност од Скопје ја продолжува својата иницијатива од 1967 година, на посебни изложби да ги претставува претставниците на младата ликовна генерација во нашата Република. Оваа е четврта таква изложба, и веднаш можеме да кажеме дека е можеби и најслаба од сите досегашни, а особено во споредба со првата изложба, која имаше претставено млади автори, но веќе приближно оформени како индивидуални творци, што постојано, до денеска, го потврдуваат тоа.

За толку рамнодушниот впечаток што го остава оваа последна изложба од таков тип е можеби обратниот ефект постигнат со интенцијата да се претстават по секоја цена што повеќе автори, некои кои првпат ги гледаме, други кои уште го изучуваат занаетот во соодветни школи и академии, а трети, сè уште не се појасно определени за тоа во кој правец ќе ги реализираат своите дела. Впрочем, на изложбата добивме бројка од четириесетина излагачи, што претставува речиси една четвртина од сите членови на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, во кое се зачленуваат уметници дури од 1945 година.

Организаторот секако требаше да има предвид една поригорозна селекција, како на авторите, така и на нивните понудени дела, можеше да ги претстави само оние кои навистина во последниве пет години покажаа најдобри резултати меѓу пројавените млади творци, кои донесуваат нешто навистина ново, конкретно, јасно, што неоспорно ќе влезе во доменот на нашата современа уметност. Желбата на организаторот да ги толерира сите што завршиле соодветна уметничка школа, влијаеше да се ослаби и интензитетот и квалитетите на некои веќе оформени уметници особено на оние кои можеби и не требаше да влезат во еден таков состав (Жарко Јакимовски, Трајче Димчевски, Ниче Василев, Ѓорѓи Чулаковски, кој е веќе и наставник во Средно уметничко училиште). Потоа, за некои излагачи немаме доволно аргументи зошто се застапени во млада македонска генерација, кога не се ни родени, не ни студирале, ниту пак сега живеат во Македонија. (Тоа е еклатантен пример со Дамир Смердел!).

Впрочем, таквите навидум можеби неважни околности, ѝ спречи на оваа изложба да застане на рамна нога со претходните слични изложби, и покрај логичните очекувања на гледачите да биде и најдобра. Сепак на изложбава можеме да најдеме и дела на добри ветувачки автори, како што се, освен споменатите, Стефан Георгиевски (иако силно потсетува на обновениот експресионизам на Франсис Бејкен), Љупчо Дескоски, Зоран Јакимовски, Ангел Нацевски, Димче Николов и Веле Ташовски.

Паскал ГИЛЕВСКИ